# П О В И К
## за избор на шест производи за маркетинг кампања

Центарот за управување со промени (ЦУП) од Скопје, во соработка со Институтот за Човекови Права – ИЧП, Фондацијата Егалите и Центарот за компаративни и интернационални студии - Тирана, го имплементира Проектот „Развој на микро-претпријатија на жени во преку-граничната област” кој се реализира во рамките на „Програмата за прекугранична соработка на Република Северна Македонија – Албанија за 2014 и 2015”.

Општа цел на проектот е да се зголеми конкурентноста на жените и да се зајакне женското претприемништво во регионите Полог и Елбасан и да се понудат одржливи решенија за развој на микро и малите бизниси на жените во прекуграничната област.

Во рамките на проектот, на ден 09.05.2020 година е објавен повик за избор на шест производи од регионите Полог и Елбасан за кои е предвидено спроведување на маркетинг кампања во прекуграничниот регион и регионално. Повикот е отворен и може да учествуваат сите претпријатија во сопственост на жени од регионите Полог и Елбасан.

### ЦЕЛ НА ПОВИКОТ

Целта на овој повик е промоција на производи на жените претприемачки од прекуграничниот регион Полог и Елбасан. Поддршката ќе овозможи маркетинг на шест производи кој имаат најголем потенцијал за извоз и промоција на меѓународни пазари. Изборот на производите ќе се врши според однапред утврдени критериуми.

За избраните производи ќе се спроведе целосна маркетинг кампања, започнувајќи со:

- подготовка на дизајн за производите,
- изработка на рекламно видео и
- промоција на производите на меѓународни и домашни пазари низ социјалните медиуми.

Оваа поддршка се спроведува со цел да се поттикне поголем пристап на жените претприемачи од регионите Полог и Елбасан на локалните и регионалните пазари и промоција на нивните производи.

## СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ АКТИВНОСТИ

Од заинтересираните претпријатија во сопственост на жени се очекува да поднесат апликации во кои ќе ги образложат карактеристиките на производот со кои учествуваат на повикот.

**Предлог производите треба да ги содржат следните карактеристики:**

- Опис на производот;
  - Намена и функционалности на производот
  - Состав и димензии
  - Техники за изработка на производот
  - Капацитет за проширување на производството
  - Образложение за досегашен начин на рекламирање и продажба
  - Слика од производот

## ЛОКАЦИЈА

Претпријатијата кои ќе учествуваат на повикот треба да се од прекуграничниот регион Полог и Елбасан. Маркетинг кампањата ќе се спроведува во прекуграничниот регион но и пошироко во регионот.

## КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО НА ПОВИКОТ

Претпријатијата кои ја поднесуваат апликацијата, мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

- Да е правно лице во сопственост на жена
- Да е регистрирано во регионите Полог и Елбасан
- Најмалку една година оперативност на претпријатието пред датумот на објавување на овој повик
- Уредно пополнети обрасци за пријавување (Прилог 1)
- Да поседува капацитети за проширување на минимум 10% од производството.

## АПЛИКАЦИЈАТА ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ДОКУМЕНТИ:

- ✓ Образец за пријавување (Прилог 1)
- ✓ Тековна сметка
- ✓ Слика од производот

## НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

Апликациите треба да бидат поднесени преку електронска пошта на: info@cup.org.mk; cc: jasna.pajkovska@cup.org.mk, најдоцна до **15.06.2020 година, до 16:00 часот**. Насловот на електронската пошта треба да биде назначен со: **Апликација_СВС**.

По приемот на апликациите, електронски ќе биде потврдено дека апликацијата е примена.

ЦУП во соработка со Институтот за Човекови Права, Фондацијата Егалите и Центар за компаративни и интернационални студии, го задржуваат правото да побараат дополнителни информации за предлозите или за подносителите на пријавите за коишто сметаат дека се потребни за оценувањето.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОЈАСНУВАЊА

Дополнителни прашања и барања за појаснувања во врска со поднесувањето на апликации за грант може да бидат испратени на: jasna.pajkovska@cup.org.mk, најдоцна до **12.06.2020 година**.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР

Предложените производи треба да бидат во согласност со овој повик. Предлозите ќе се оценуваат од страна на Комисија која ќе биде формирана за целите на оваа активност. Селекцијата на претпријатијата ќе се врши врз основа на однапред воспоставени критериуми за избор кои се дел од овој повик (прикажани подолу).

Изборот на претпријатија на кои ќе им биде спроведена маркетинг кампања за нивните производи ќе се одвива во следните фази и тоа:

- Оценување на пријавите според основните барања;
- Образецот е соодветно пополнет и со придружната документација е доставен во рок и на начин предвиден во Повикот;
- Организацијата ги исполнува условите за аплицирање на повикот.

**Преглед на критериуми за оценување**

| КРИТЕРИУМИ | ОПИС | МАКС.БОДОВИ |
|---|---|---|
| Намена и функционалности на производот | Намената на производот подразбира која е целната група за кој е наменет производот и каква е неговата употребна вредност, односно какви потреби се задоволуваат со негово користење. | 25 |
| Состав и димензии | Составот на производот ги објаснува материјалите од кој тој е изработен. Подобро рангирани се производите од природен и еко материјал, особено оние кои можат да се рециклираат. Додека димензиите овозможуваат оценување на практичност во пренос и транспорт на производот. | 20 |
| Техники за изработка на производот | Традиционалните техники за изработка, кои бараат посебни вештини и знаење се повеќе вреднувани. | 15 |
| Капацитети на претпријатието | Една од предусловите е претпријатието да има капацитети за проширување на производството за мин. 10%. | 15 |
| Образложение за досегашен начин на рекламирање и продажба | Производите кои се добро познати на пазарот и имаат воспоставено мрежа на потрошувачи се сметаат за помалку приоритетни во изборот, односно предност ќе им се даде на жени претприемачки кои имаат квалитетен производ но немаат услови за нивно рекламирање. | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| Жени активно вклучени во проектните активности | Предност ќе им се даде на жените кои биле активно вклучени во дел од активностите на овој проект | 10 |
| **ВКУПНО** | | **100** |

## ОБВРСКИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Избраните претпријатија во сопственост на жени ќе ги имаат следните обврски во текот на реализација на проектните активности:

- ✓ Да ги достават сите неопходни податоци во врска со производот кој ќе биде предмет на маркетинг кампања;
- ✓ Учество во изработка на рекламно видео за производот;
- ✓ Да имаат активно учество во подготовка на материјалот со сопствени идеи, предлози и слично;
- ✓ Да се согласат на Договор за соработка;

Спроведувањето на активностите за маркетинг кампањата треба да се одвива во времетраење од јуни до крајот на септември 2020 година.

## РАСПОРЕД НА РОКОВИ

| | |
|---|---|
| Датум за почеток на поднесување апликации | 09.05.2020 год. |
| Рок за поднесување на барања за појаснувања до проектниот координатор | 12.06.2020 год. |
| Датум до кога проектниот координатор ќе одговара на барањата | 14.06.2020 год. |
| Рок за поднесување на апликации | 15.06.2020 год. |
| Оценка на предлози | 16.06.2020 год. |
| Известување за доделување | 16.06.2020 год. |
| Потпишување на договор | 17.06.2020 год. |
| Забелешка: Датумите за оценка и доделување се подложни на измени. | |

## ОСТАНАТО

Организацијата – Центар за управување со промени-ЦУП, ќе биде единствено одговорна за реализацијата на активностите на акцијата.

Во текот на спроведувањето на проектите активности, од страна на проектниот тим ќе бидат организирани средби со секој од избраните претпријатија заради давање на појаснувања за сите активности за време на спроведување на маркетинг кампањата.